МОНИТОРИНГ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА
МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ



Национален младински совет
на Македонија

ИЗДАВАЧ:
Национален младински совет на Македонија
ул. Вељко Влаховиќ, бр. 7/1-1, 1000 Скопје
www.nms.org.mk
info@nms.org.mk

ЗА ИЗДАВАЧОТ
Марија Крстевска, претседателка

АВТОР
Филип Кулаков

СОРАБОТНИЦИ
Мариана Ангелова, Кристијан Панев, Марија Башеска, Александар Тодоровски, Ѓорѓи Нанчев, Зоран Иванов, Ивана Хаџи-Николова Калинова, Метин Муареми, Славица Јовческа и Тамара Петковска

ЛЕКТУРА
Валентина Јошевска

ДИЗАЈН
Илија Станковски

ПЕЧАТЕЊЕ
Страдун Д.О.О.Е.Л.

ТИРАЖ
40 примероци

ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ
2022

ЗА НМСМ

Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) е платформа која ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска меѓу сите засегнати страни и која им обезбедува вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. НМСМ е основан на 29 јуни 2013 година од 55 организации.

НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Северна Македонија. Советот обединува сојузи, младински организации, организации за млади и подмладоци на други организации со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Република Северна Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно обединувајќи организации што работат на национално и на регионално ниво, во рурални и во урбани средини, студентски организации, разграноци на меѓународни организации и други типови здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичко и верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или каква било друга форма на разлика.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР 7

ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ 9

КЛУЧНИ НАОДИ 11

МЕТОДОЛОГИЈА 12

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО 14

Национално собрание за млади 15

Национално советодавно тело за младински политики 16

Локални младински совети 16

ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ 20

Национална стратегија за млади 21

Локални стратегии за млади 22

СОДРЖИНА

СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ 26

Канцеларија за млади 27

Младински центар 28

Службеници за млади 29

Истражувачки центар за теми поврзани со младите во Агенцијата за млади и спорт 31

ФИНАНСИРАЊЕ 31

ПРЕПОРАКИ 34

ПРИЛОЗИ 40

Прашања поднесени до општини 41

Прашања поднесени до Агенција за млади и спорт 42

ПРЕДГОВОР

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за младинско учество и младински политики. Периодот пред неговото донесување одбележува активен младински сектор кој во дијалог и соработка со релевантните чинители и меѓународните партнери во Северна Македонија, успеа преку консензус, од страна на сите политички актери, да даде законска рамка за младинското учество и младинските политики. Но, и покрај неговото донесување и законски нагласените рокови за обврските на државата кон младите, имплементацијата на законот сепак е на ниско ниво.

Периодот од две години по донесувањето на Законот го одбележуваат здравствени, економски и политички кризи, кои редовно беа користени како изговор за задоцнетата имплементација на одредбите од законот. Младите во овој период останаа само приоритет во изборните ветувања, а недостатокот од имплементацијата на законот само го зацврстува ставот на младите дека се ниско на агендите на носителите на одлуки. Врз основа на истражување спроведено од НМСМ во 2019 година, 13% од испитаниците сметаат дека не се слушнати од страна на носителите на одлуките[1], а со ваквата практика на државата потешко ќе се промени овој став на младите.

На еден начин, овој мониторинг-извештај ќе се обиде да даде одговор на тоа во колкав обем се имплементирани можностите и механизмите што ги имаат младите за да влијаат на процесите на креирање политики и донесување одлуки предвидени во законот, но и од аспект на имплементираноста на законот, колку високо се младите на агендите на политичарите.

Мониторинг-извештајот за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики беше спроведен со поддршка од Проектот на УСАИД за граѓанско учество преку активноста Младински лаборатории за политики, преку која податоците на локално ниво беа прибрани од страна на Регионалните канцеларии на НМСМ.

1. Cross-Sectoral Youth Assessment – North Macedonia, July 2019 (достапен на: <https://pdf.usaid.gov/pdf_docs/PA00WB77.pdf>)

Голема благодарност до нашите регионални канцеларии, односно Центар за интеркултурен дијалог (Североисточен Регион), Фондација за развој на локалната заедница – Штип (Источен Регион), Здружение АКВА – Струга (Југозападен Регион), Младински културен центар – Битола (Пелагониски Регион), Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија (Југоисточен Регион), Совет за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД (Вардарски Регион) и Центар за едукација и развој (Полошки Регион).

ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Во 2018 година, по иницијатива на Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија започна процес за креирање Закон за млади. Процесот следуваше по втор пат, откако во 2011 година од страна на државата, а на барање на младинскиот сектор, тогашниот предлог-закон за млади беше повлечен.

На национално ниво при процесот на креирање на законот беше формирана експертска работна група составена од претставници на младинскиот сектор, со цел да придонесат во креирањето на содржината на законот, базирано на нивните искуства од работата со млади на национално и на локално ниво. Во експертската работна група учествуваа пратеници од позицијата и опозицијата, претставници на подмладоците на политичките партии и претставници на меѓународната заедница. Националниот младински совет на Македонија учествуваше со пет претставници, кои ги застапуваа интересите на организациите членки на советот. Во текот на овој процес, Националниот младински совет на Македонија со поддршка од своите организации-членки и Базата на обучувачи на НМСМ спроведе 17 консултации со младите на локално ниво со цел утврдување на потребите на младите за тоа што сакаат да биде имплементирано со новиот Закон за млади.

На 14 јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе законот под името „Закон за младинско учество и младински политики“. Законот за младинско учество и младински политики е првото законско решение во Северна Македонија кое го гарантира младинското учество и ги препознава младите и формите на младинско организирање.

Како таков, законот прави дистинкција помеѓу младинска организација, организација за млади и младинска чадор-организација, и ја делегира обврската на Агенцијата за млади и спорт да води Регистар на формите на младинско организирање.

Законот дополнително за прв пат дава дефиниција што е млад човек, младинска политика, младинско учество, младинска работа и младински работник.

Во поглед на младинското учество, законот предвидува механизми на национално и на локално ниво за вклучување на младите во процеси на креирање политики и донесување одлуки, односно Национално советодавно тело за младински политики и локални младински совети во сите општини.

Од аспект на политиките за млади, во самиот закон е опфатено носење национална стратегија за млади и локални стратегии за млади, како клучни стратешки документи за активности за млади кои ги планираат и ги спроведуваат институциите и општините. Националната стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите, и таа се донесува за временски рок од пет години. Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво.

Законот за младинско учество и младински политики предвидува и сервиси за млади, односно механизми за доближување на институциите за младите и овозможување нивен раст и развој. Како такви, во рамките на законот се дефинирани канцеларии за млади и младински центри, а во рамките на државните институции и општините е предвидено именување на службеник за млади, односно лице одговорно за работењето на претходно наведената канцеларија за млади, како и за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

Во рамките на поглавјето Сервиси за млади, исто така, е превидено и Агенцијата за млади и спорт да воспоставува истражувачки центар за теми поврзани со младите. И на крај, во однос на финансирањето за спроведување на овој закон од

Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%, додека од буџетите на општините за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

Законот за младинско учество и младински политики, во формата во која е донесен, покрива многу поволности за младите и младинските организации во Северна Македонија, но остава простор за негово проширување и унапредување, особено во поглед на креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и на општинско ниво, и обезбедување квалитет на предвидените механизми за младинско учество и сервиси за млади, како и за препознавање на НМСМ како Национален младински совет, што е практика во европските држави, со цел користење на веќе постоечките капацитети и практики воспоставени преку НМСМ кон креирање подобри и поквалитетни младински политики.

МЕТОДОЛОГИЈА

Предмет на мониторинг на овој извештај е имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики. Со цел утврдување колку од законските обврски се спроведени, Националниот младински совет на Македонија ја креираше методологијата базирана на барања за пристап до информации од јавен карактер до одговорните актери на локално и на национално ниво. Врз основа на добиените податоци од спроведениот мониторинг над централните институции и општините надлежни за спроведување на законот можеше да се утврди до каде е имплементацијата на сервисите за млади и механизмите за младинско учество.

Националниот младински совет на Македонија ги мониториираше централните институции надлежни за имплементацијата на законот, заедно со општините од Скопскиот плански регион, додека мониторингот на општините во останатите региони го спроведоа регионалните канцеларии на НМСМ, односно Центар за интеркултурен дијалог (Североисточен Регион), Фондација за развој на локалната заедница – Штип (Источен Регион), Здружение АКВА – Струга (Југозападен Регион), Младински културен центар – Битола (Пелагониски Регион), Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија (Југоисточен Регион), Совет за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД (Вардарски Регион) и Центар за едукација и развој (Полошки Регион). Прашањата кои беа поставени од општините и централните институции имаа за цел да утврдат дали сервисите за млади и механизмите за младинско учество се имплементирани, дали е почитувана процедурата за нивното поставување, заедно со законски дефинираниот рок, како и дали е планиран буџет за млади. Со оглед на тоа дека податоците беа прибрани во периодот септември–декември 2021 година, НМСМ ги вложи своите најдобри напори, но не може да ја гарантира точноста и комплетноста на информациите содржани во мониторинг-извештајот или да ја елиминира можноста за аномалии, имајќи предвид дека во периодот на обработката на податоците постои можност состојбата за определени прашања да се променила.

МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Законот за младинско учество и младински политики го дефинира поимот „младинско учество“ како процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.[2]

Во рамките на самиот закон се предвидени механизми за младинско учество на национално нивно, односно Национално собрание за млади; и на локално ниво, односно Локални младински совети.

Од аспект на имплементацијата, Националното собрание на млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сè уште не се формирани, а Локални младински совети има само во 11 општини (13.5% од вкупниот број општини).

НАЦИОНАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Националното собрание на млади претставува тело на формите на младинско организирање кое врши избор на младински претставници во Националното советодавното тело за младински политики, креира приоритети и политики за застапување на младинските претставници и ја координира и ја следи нивната работа.[3]

Националното собрание на млади го свикува иницијативен одбор од најмалку две третини од формите на младинско организирање од Регистарот на Агенцијата за млади и спорт.

Во моментот на обработка на податоците од спроведениот мониторинг, односно базирано на податоците објавени од Агенцијата за млади и спорт до крајот на 2021 година, Регистарот брои вкупно 63 организации, од кои 10 се младински организации, 50 организации за млади и 3 чадор-организации.[4]

Од донесувањето на законот, Националното собрание на млади сè уште не е формирано.

2. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
3. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
4. Регистар на младински и чадор-организации на Агенцијата за млади и спорт (објавено на 15.12.2021 г.),достапен на: <http://ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/РЕГИСТАР-НА-МЛАДИНСКИ-И-ЧАДОР-ОРГАНИЗАЦИИ-update-15.12.2021-za-objava-.pdf>

НАЦИОНАЛНО СОВЕТОДАВНО ТЕЛО ЗА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Националното советодавно тело за младински политики претставува механизам за соработка помеѓу претставници на младинскиот сектор и претставници на органите на државната управа кое има советодавна и надзорна улога при спроведувањето на младинските политики и активностите за млади.[5] Советодавно тело е составено од девет младински претставници избрани од Националното собрание на млади и осум претставници именувани од органите на државната управа. Со него претседава еден од претставниците на младинскиот сектор.

Со оглед на тоа дека сè уште не е формирано Националното собрание на млади, не е формирано ниту Националното советодавно тело за младински политики, чии членови ги избира Националното собрание на млади. Дополнително, Владата ги утврди институциите кои ќе учествуваат во ова тело, односно донесе одлука и ги задолжи Агенцијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство и Министерството за финансии да именуваат претставник во Националното советодавно тело за младински политики.[6]

ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ СОВЕТИ

Локалните младински совети претставуваат тела на локалната самоуправа кои ги сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во општината, кои имаат советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес кон локалната самоуправа.

Локалните младински совети имаат улога да го гарантираат младинското учество на локално ниво, односно на ниво на о пштина. Самиот закон предвидува креирање локален младински совет во сите 81 општини.

5. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
6. Соопштение од 86-тата седница на Владата на Република Северна Македонија (достапно на: <https://vlada.mk/node/25846>)

Локалниот младински совет може да започне со формирање откако ќе се направи усогласување, односно изменување или дополнување на Статутот на општината која го формира телото, со цел да се утврдат формирањето на локалниот младински совет, составот, мандатот, како и обврските и одговорностите.[7] По усогласувањето на Статутот, општината распишува повик за формирање иницијативен одбор, кој се состои од формите на младинско организирање препознаени од законот и кои се активни во општината.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание за млади во согласност со Статутот на општините, и по одржување на првата конститутивна седница на локалното собрание на млади, Иницијативниот одбор се распушта. Локалното собрание на млади објавува јавен повик за членови за локалниот младински совет, кој е јавно достапен на веб-страниците на општините. Собранието на млади избира членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади. Избраните членови на локалните младински совети се верификуваат од страна на советите на општините. Вака дефинираната процедура во законот е најмногу применлива кога станува збор за креирање локален младински совет првпат, но во некои општини постои можноста веќе да постои или постоел локален младински совет, па во таква ситуација потребна е трансформација на советот со цел тој да биде во согласност со законските одредби.

За дополнителна поддршка на општините и младите на локално ниво, особено кон преземање на потребните чекори за креирање на локални младински совети, Агенција за млади и спорт и Мисијата на ОБСЕ во Скопје имаат изработено „Прирачник за локални младински совети“.

Од аспект на имплементацијата на законот во поглед на формирањето локални младински совети, единствено во 10 општини, односно само 12% од општините имаат формирано Локален младински совет согласно со одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

7. Мисијата на Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Скопје и Агенција за млади и спорт, „Прирачник за локални младински совети“ (достапен на: <https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf>)

Во конкретниов случај, базирано на одговорите добиени од општините, станува збор за Валандово, Делчево, Кисела Вода, Кратово, Могила, Новаци, Охрид, Пласница, Свети Николе и Струмица. Дел од општините кои одговориле потврдно, дополнително одговориле дека немале јавен повик за него, што е во спротивност со чекорите за формирање Локален младински совет по законот.



ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ

Законот за младинско учество и младински политики, покрај младинското учество ги регулира и политиките за млади на национално и на локално ниво. Согласно со одредбите на законот, на национално ниво Владата на Република Северна Македонија ја има обврската да креира и да усвои национална стратегија за млади за период од пет години која ќе вклучува и акциски план за реализација. На локално ниво, општините ја имаат обврската да усвојат локални стратегии за млади за период од пет години, заедно со акциски планови за реализација.

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

Национална стратегија за млади е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.[8]

Во моментот во сила е Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија (2016 – 2025), која ги опфаќа следниве тематски области: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка пред вработување, култура, спорт, здравје и квалитет на живот.[9]

И покрај постоењето на оваа Национална стратегија, согласно со новиот Закон за младинско учество и младински политики предвидено е да се донесе нова национална стратегија за млади, конкретно во рок од 18 месеци од донесувањето на законот. **Врз основа на информации од Агенцијата за млади и спорт, процесот за креирање на Националната стратегија за млади, како обврска од Законот за младинско учество и младински политики, ќе започне во 2022 година. Законскиот рок за неа истече на 14 јули 2021 година.**

Со цел изготвување на Националната стратегија за млади, Агенцијата за млади и спорт во ноември 2021 година, објави оглас за јавна набавка за спроведување истражување на младинските трендови.[10]

8. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
9. Национална стратегија за млади 2016-2025 (достапна на: <http://ams.gov.mk/images/dokumenti/mladi/National_Youth_Strategy_2016-2025_eng.pdf>)
10. <https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie/75a6ee24-db90-4828-a159-ceaa28f58bc6/14>

Дополнително, законот предвидува Националната стратегија за млади да биде изработена низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес и нејзината содржина да биде консултирана со Националното советодавно тело за млади, кое с è уште не е формирано.

ЛОКАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА МЛАДИ

Локалната стратегија за млади е стратешки документ со кој, во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.[11]

Таа претставува основа за развој на локалните младински политики на конкретната општина во петте години во кој период стратегијата е донесена.

Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на локалната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади, заедно со акциските планови, се изработува од страна на општините во соработка со локалниот совет на млади, а се спроведува со буџетски средства од конкретната општина.

Согласно со податоците добиени од спроведениот мониторинг, во 7 општини се спроведени консултации со младите за Локална стратегија за млади, а во 11 општини е усвоена Локалната стратегија за млади, односно само 14% од општините.

Станува збор за Општините Боговиње, Велес, Гостивар, Илинден, Кичево, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Лозово, Струмица и Чаир.

11. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

23

Во однос на акциските планови, само 6 општини одговориле дека имаат изработено акциски план.



СЕРВИСИ ЗА МЛАДИ

Во Законот за младинско учество се регулираат и сервиси кои ќе овозможат доближување на институциите и општините до младите, преку формирање канцеларии за млади, младински центри и именување службеници за млади.

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МЛАДИ

Канцелариите за млади претставуваат примарна точка за пристап на младите на локално ниво и оттаму се координира работата за млади во општините.[12] Именуваниот службеник за млади во самата општината е предвидено да биде одговорното лице што е одговорно за работењето на Канцеларијата за млади.

Канцеларијата за млади во рамките на општината е местото во кое ќе можат да се обратат сите млади лица од општината и да се информираат во врска со прашања поврзани со младите, а во надлежност на општината. Согласно со законот, сите општини имаат обврска да формираат канцеларија за млади најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики.

Рокот е истечен од 14 јануари 2021 година и согласно со прибраните податоци во само 11 општини (во 14% од општините) е формирана Канцеларија за млади.



12. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР

Младинските центри се места каде што се подготвуваат и се спроведуваат програми што ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.[13] Согласно со Законот за младинско учество и младински политики, секоја општина има обврска да формира младински центар во рок од 5 години од денот на влегувањето во сила на законот.

Процедурата за отворање младински центри и обезбедување на нивниот квалитет е дополнително утврдено со Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри[14], кој е донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт и е изработен заедно со Сојуз за младинска работа.



Досега, согласно со одговорите добиени од општините, младински центри има во 8 општини (10% од сите општини), и тоа во следните општини: Гази Баба, Гостивар, **Кавадарци, Куманово, Охрид, Свети Николе, Центар, Чаир. Овде важно е да се напомене, дека само 3 од горенаведените општини ги**

13. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
14. Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри, усвоен од Агенција за млади и спорт, (достапен на: <https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi.pdf>)

исполнуваат стандардите за квалитет на младинските центри, усвоени од Агенцијата за млади и спорт, а тоа се Општините: Кавадарци, Куманово и Охрид. Младинските центри во останатите општини се отворени со донаторска поддршка и тие функционираат пред донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики. Дополнително, процес за отворање младински центар е почнат во Општините: Битола, Велес, Виница, Пробиштип и Штип.

Еден од проблемите што се провлекува низ законот е поделбата на надлежностите на различните чинители на национално и на локално ниво. И покрај тоа што Агенцијата за млади и спорт ги има усвоено стандардите за квалитет на младинските центри, таа нема никаква надлежност над општината која ја има обврската да отвори младински центар.

Рокот за оваа законска обврска сè уште не е истечен.

СЛУЖБЕНИЦИ ЗА МЛАДИ

Според законот, сите општини, исто така, ја имаат обврската да именуваат службеник за млади, односно лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, како и за координирање, спроведување и следење прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.[15]

Именуваните службеници за млади се достапни на официјалната веб-страница на Агенцијата за млади и спорт, заедно со нивните електронски пошти, на кои младите можат да им се обратат. Базирано на објавената листа, институциите и општините покажале најголем интерес за имплементирање на оваа обврска, која примарно се состои од именување веќе вработено лице во рамките на самата институција, односно општина.

Од јавно достапните информации за службениците за млади[16], може да се утврди дека досега се именувани 53 службеници за млади во државните институции, односно органите на државна управа, а 56 во општините. Процентуално гледано, само 69% од општините ја имаат исполнето истата обврска.

15. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
16. Службеници за млади во институции и општини (објавено во ноември 2021), достапно на: <http://ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/Службеници-за-млади-институции-и-општини-АМС-ВЛАДА.pdf>



Овој податок посочува тешкотии за имплементацијата на законот на локално ниво што се забележува од целокупната бавна и задоцнета имплементација на сервисите за млади во општините. Она што дополнително може да се утврди е тоа што во периодот откако започна да се споделува листата на службеници за млади на веб-страницата на Агенцијата за млади и спорт, се случува и промена на именуваните лица по неколку месеци. Оттука, потребна е професионализација на службениците за млади со цел тие конкретно да се запознаат со своите надлежности и обврски, и притоа да се обезбеди стабилност на позиција, а не нејзино ротирање помеѓу вработените во институцијата, односно општината. Исто така критериумите за именување лице за службеник за млади им остануваат непознати на јавноста, односно колку и дали именуваното лице воопшто има некакво познавање или заднина во областа на младинските политики и работата со млади.

Рокот за имплементирање на оваа законска обврска истекува во рок од една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики, и тој е истечен од 14 јануари 2021 година, а согласно со прибраните податоци не е во целост имплементирана обврската.

ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА ТЕМИ ПОВРЗАНИ СО МЛАДИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

Во поглед на креирање релевантни политики за младите, во рамките на самиот закон е предвидено Агенцијата за млади и спорт да воспостави истражувачки центар за различни теми поврзани со младите.[17]

Законски предвидениот рок за воспоставување на истражувачкиот центар истекува по една година од денот на влегувањето во сила на Законот за младинско учество и младински политики, односно 14 јануари 2021 година.

Рокот е истечен, а истражувачки центар за теми поврзани со младите не е воспоставен во Агенцијата за млади и спорт. Оттаму појаснуваат дека во моментов се врши промена на систематизацијата на Агенцијата за млади и спорт и се чекаат потребни согласности од страна на останатите институции пред да се пристапи кон формирање истражувачки центар, кој ќе биде во рамките на сектор Млади во рамките на агенцијата.

ФИНАНСИРАЊЕ

Во самиот Закон за младинско учество и младински политики е дефинирано дека за спроведување на овој закон од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,3%. Дополнително, од буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.[18]

Во рамките на истражувањето се обративме до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, но нашето прашање за висината на одвоени средства за млади беше пренесено до Агенцијата за млади и спорт. На ова, од Агенција за млади и спорт одговорија дека немаат информација за тоа колкав е издвоениот буџет за млади на национално ниво од причина што во останатите државни институции средствата за млади не се издвоени на посебни ставки.

17. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)
18. Закон за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ“, бр. 10/2020)

Оттука, можеме да утврдиме дека во самиот закон има нејаснотии околу тоа која одговорност припаѓа на кој чинител и самото тоа придонесува кон задоцнето имплементирање или неимплементирање на законот.

Во поглед на финансирањето на локално ниво, општините имаат обврска на годишно ниво да издвојуваат најмалку 0,1% од општинскиот буџет. Врз основа на поднесениот прашалник до општините, 29 општини одговорија дека ја имаат одвоено наведената сума. И покрај таквиот одговор, не постои механизам што може ова да го верификува, освен ако не постои посебна буџетска ставка за млади. Во пракса, средствата одвоени за млади се трошат во рамките на различни буџетски категории (образование, социјала, спорт). **Со цел обезбедување на транспарентност и отчетност спрема младите, предлагаме општините во рамките на планирањето на своите буџети да креираат посебна ставка за млади.**

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

ЗАКЛУЧОЦИ

- Младите и младинските организации не се приоритет на државните институции, со оглед на тоа што 2 години по донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики, голем дел од предвидените механизми за младинско учество и сервиси за млади сè уште не се имплементирани;

- Општините покажуваат мал интерес за имплементација на законските обврски (13% од општините имаат формирано локален младински совет, канцеларија за млади и/или младински центар), освен во поглед на именување службеник за млади (69% од општините имаат службеник за млади);

- Од аспект на имплементацијата на механизмите за младинско учество, Националното собрание за млади, следствено и Националното советодавно тело за младински политики сè уште не се формирани, а Локални младински совети има само во 10 општини (12% од вкупниот број општини).

- Процесот за донесување на Националната стратегија за млади, како обврска од Законот за младинско учество и младински политики, по информација од Агенцијата за млади и спорт ќе започне во 2022 година. Законски-дефинираниот рок за неа истече на 14 јули 2021 година.

- Во само 11 општини е усвоена Локална стратегија за млади, односно само 14% од општините, а само 6 општини имаат изготвено акциски план.

- Рокот е истечен од 14 јануари 2021 и согласно прибраните податоци во само 11 општини (14% од општините) е формирана канцеларија за млади.

ЗАКЛУЧОЦИ

- Досега младински центри има во 8 општини (10% од сите општини). Само 3 од општините ги исполнуваат Стандардите за квалитет на младинските центри усвоени од Агенцијата за млади и спорт, и тоа Кавадарци, Куманово и Охрид.

- Од јавно достапните информации за службениците за млади, може да се утврди дека досега се именувани 53 службеници за млади во државните институции, односно органите на државна управа, а 56 во општините. Процентуално гледано само 69% од општините ја имаат исполнето таа обврска.

- Рокот е истечен, а истражувачки центар за теми поврзани со младите не е воспоставен во Агенцијата за млади и спорт.

- Во самиот закон има нејаснотии околу тоа која надлежност му припаѓа на кој чинител и самото тоа придонесува кон задоцнето и неадекватно имплементирање или неимплементирање на дел од одредбите од законот.

ПРЕПОРАКИ

- Итна имплементација на одредбите во Законот за младинско учество и младински политики, особено на општинско ниво;
- Свикување и спроведување надзорна расправа за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во Собранието на Република Северна Македонија;
- Креирање механизми за надзор на спроведувањето на законот на централно и општинско ниво;
- Професионализација на Службениците за млади со цел тие конкретно да се запознаат со своите надлежности и обврски, и притоа да се обезбеди стабилност на позицијава, а не нејзино ротирање помеѓу вработените во институцијата, односно општината.
- Креирање и имплементација на програми за јакнење на капацитетите на претставниците на Локалните младински совети и младинските службеници.
- Креирање прирачници за административните процедури за воспоставување и управување со механизмите и службите во надлежност на Единиците на локалната самоуправа.
- Отворање јавни расправи за измена на Законот за младинско учество и младински политики и унапредување на законскиот текст, базирано на научените лекции од последните две години.
- Воведување посебна буџетска ставка за млади во рамките на буџетите на општините и државните институции, со цел транспарентност и отчетност кон младите во поглед на тоа како се трошат и дали навистина се одвоени средствата што се дефинирани во законот.

ПРИЛОЗИ

ПРАШАЊА ПОДНЕСЕНИ ДО ОПШТИНИ

1. Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот?

2. Дали има(ло) повик за членови? Доколку да, дали бил објавен јавниот повик? Дали бил објавен на веб-страницата на општината? Кога бил објавен повикот? (точен датум и времетраење за пријавување)

3. Од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на Советот на млади? (младински, организации за млади, студентски, политички подмладок итн.)

4. Дали се спроведени консултации за Локална стратегија за млади? Дали е усвоена стратегијата и дали се направени акциски планови за неа?

5. Дали е формирана канцеларија за млади во склоп на Општина Кисела Вода? Доколку да, кога е формирана? (датум, одлука?)

6. Дали е формиран младински центар во склоп на општината? Наведете ја одлуката. Доколку да, дали се креирани програми (таму каде што се основани)?

7. Дали има назначен службеник за млади во склоп на општината? Доколку да, кога се назначени? (датум, одлука?) Доколку општината има назначен службеник, наведете негови контакт-информации.

8. Колкав е одвоениот буџет за млади во општината (точна бројка + % од буџетот). Дали тој процент изнесува 0,1%?

9. Дали е тоа посебно издвоен буџет за млади или е буџет во рамките на различни буџетски категории (образование, социјала, спорт...)?

ПРАШАЊА ПОДНЕСЕНИ ДО АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ

1. Колку младински организации, организации за млади и чадор-организации се регистрирани во Регистарот на форми на младинско организирање?

2. Колку организации поднеле барање за регистрација во регистарот и колку барања биле успешно прифатени?

3. Дали е формирано Национално собрание за млади? Доколку да, дали е донесен Деловник за работа на собранието? Дали се избрани претставници во советодавното тело?

4. Дали Агенцијата за млади и спорт воспоставила Истражувачки центар? (кога – датум/одлука?) Доколку да, кој го сочинува истражувачкиот центар (вработени или надворешни луѓе)? Како е уредена работата на овој центар?

5. Дали се спроведени консултации за Националната стратегија за млади? Дали е усвоена стратегијата? Дали се направени Акциски планови за Националната стратегија за млади?

6. Колкав е одвоениот буџет за млади на национално ниво? (точна бројка + % од буџетот) Дали тој процент изнесува 0,3%?

7. Дали е тоа посебно издвоен буџет за млади или е буџет во рамките на различни буџетски категории (образование, социјала, спорт...)?

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.571-053.6:005.584.1(497.7)(047.31)

КУЛАКОВ, Филип
Мониторинг извештај за имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики / [автор Филип Кулаков]. - Скопје : Национален младински совет на Македонија, 2022. - 42 стр. : граф. прикази ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-66848-0-8

а) Законот за младинско учество и младински политики -- Имплементација -- Мониторинг -- Македонија

COBISS.MK-ID 56805125